Класата на намена е дефинирана Според член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 225/20; 219/21; 104/2022; 99/2023). Планираните намени во рамките на проектниот опфат за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се следните :

Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ

Комплементарна намена е дозволена согласно член 80,81,82 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 225/20; 219/21; 104/2022; 99/2023), во овој случај се определува **комплементарна** намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: меѓународни високонапонски надземни електрични водови, меѓуградски високо и среднонапонски надземни и подземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивните мрежи со пратечките далноводски пилони столбови, трансформаторски станици, и помошни инсталации како и други објекти со **комплементарна** намена во функција на основната класа на намена.

Комплементарна намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија, спаѓа во групата на класа на намени Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури во која спаѓа и намената Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, и се компатибилни според својот карактер.

Комплементарна класа на намена служи исклучиво за функционирање на основната класа на намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, според член 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 225/20; 219/21; 104/2022; 99/2023).

Друштво за проектирање, инжинеринг, услуги и трговија
ДПИУГ ВАДЕМ 1.83 ДООЕЛ
ул.Февруарски Поход бр.8 локал 5
Општина Аеродром, Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
022 402 092 | 070 328 934 | 070 323 435
info@vadem.mk | www.vadem.mk

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Изградбата на фотоволтаичните централи со која преку користење на сончевата енергија, како обновлив ресурс, ќе се произведува електрична енергија (како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага ВП „Средна и Долна Брегалница“) ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

Заштита на животна средина

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Таринци, Општина Карбинци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на поставувањето и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Друштво за проектирање, инжинеринг, услуги и трговија
ДПИУГ ВАДЕМ 1.83 ДООЕЛ
ул.Февруарски Поход бр.8 локал 5
Општина Аеродром, Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
022 402 092 | 070 328 934 | 070 323 435
info@vadem.mk | www.vadem.mk

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани,КО Таринци, Општина Карбинци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Пристап до проектниот опфат кој ќе се урбанизира со изработка на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП2 на дел од КП 583/2, КО Таринци, Општина Карбинци треба да се обезбеди преку постоечки некатегоризиран пристапен земјен пат директно преку КП 559, КО Таринци, запишан во Имотен Лист 20239 со култура (п) Патишта кој се поврзува со асвалтирана улица во североисточниот дел на с.Таринци истата минува низ средината на селот и излегува на западниот дел од него каде што се поврзува со локалниот пат бр. 601. При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област. Внатрешниот сообраќај ќе се уреди на начин кој ќе обезбеди непречена комуникација и пристап на ПП возила. Димензионирањето како и бројот на потребните паркинг места да се определи во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20; 219/21; 104/2022 и 99/2023). Во делот на комуналната инфраструктура потребно е да се изврши нејзино оптимално димензионирање.

Друштво за проектирање, инжинеринг, услуги и трговија
ДПИУГ ВАДЕМ 1.83 ДООЕЛ
ул.Февруарски Поход бр.8 локал 5
Општина Аеродром, Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
022 402 092 | 070 328 934 | 070 323 435
info@vadem.mk | www.vadem.mk

Напојувањето на градбите со електрична енергија, како и поврзувањето на трансформаторската станица со електроенергетската мрежа потребно е да се уредат во целост согласно обезбедените податоци, информации и мислења од органите, институциите, установите и правни лица кои вршат јавни надлежности, според Законот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/2023), и истите да се вградат во проектот. Да се почитуваат постоечките и по потреба да се предвидат нови приклучоци на постојната инфраструктурна мрежа согласно добиените податоци од надлежните институции. Урбанистичко проектна документација да се изработи врз основа на ажурирана геодетска подлога , каде се евидентираат сите постојани надземни и подземни градби во рамките на проектниот опфат , во документационата основа на планот. На урбанистичко проектната документација задолжително треба да биде извршена стручна ревизија.

Нарачател/Барање за УП
ТРИМ И ЛУМ ДООЕЛ Струга

Управител
Лум Кира

Република Северна Македонија

Министерство за транспорт и врски

Сектор за уредување на просторот

08 Февруари, 2024 година

Архивски број: 67-774/3

П О Т В Р Д А

Се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Проектната програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е 1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП 2 на дел од КП 583/2, КО Таринци, општина Карбинци со тех. број ПП-01-29-42/3 од јануари 2024 година и број на постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ 59089 врз основа на Предлогот за одобрување на Проектна програма од Комисијата за урбанизам, број 67-774/2 од 02.02.2024 година,

(се наведува видот на документација и техничкиот број)

изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, услуги и трговија „Вадем 1.83“ дооел Скопје

(се наведува изработувачот на документацијата)

Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план кои спаѓаат во прва категорија на градби е доставена преку информацискиот систем е-урбанизам,

(се наведува видот на документацијата)

со барање за одобрување број 67-774/1 од 31.01.2024 година.

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

Министер
Благој Бочварски

Blagoj Bochvarski

Digitally signed by Blagoj Bochvarski
Date: 2024.02.08 11:50:08 +01'00'

Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

ВАДЕМ 1.83 дооел
ул.Февруарски Поход бр.8 локал 5
Општина Аеродром, Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
02 240 20 92 | 070 32 34 35
info@vadem.mk | www.vadem.mk

2.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД , ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Податоците на инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат се дел од текстуалниот дел на документационата основа Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП2 на дел од КП 583/2, КО Таринци, Општина Карбинци, согласно 62 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 225/20,219/21, 104/22 и 99/23).

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

1.3.1 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП 2 на дел од КП 583/2, КО Таринци, Општина Карбинци, обезбедува уредување на намената и начинот на користење на просторот како и условите за градење на градби во рамки на опфатот, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за урбанизација и рационално уредување на просторот и одржлив развој, дефинирање на наменска употреба на земјишето и пропратни содржини, како и заштита и унапредување на животната средина и културното наследство, а пред се почитувајќи ја важечката законска регулатива во планирањето и уредувањето на просторот.`

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП2 на дел од КП 583/2, КО Таринци, Општина Карбинци се изработува врз основа на Услови за планирање издадени од Агенција за просторно планирање со тех.бр. Y63323 од декември 2023 година, за кои е издадено Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1-15 2726/2023 од 09.01.2024 год, каде се дефинирани специфични услови за планирање и развој на просторот.

Просторот кој е предмет на изработка на основа Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП 2 на дел од КП 583/2, КО Таринци, Општина Карбинци зафаќа површина од 92 413.27 м2, односно 9.24 ха.

ВАДЕМ 1.83 дооел
ул.Февруарски Поход бр.8 локал 5
Општина Аеродром, Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
02 240 20 92 | 070 32 34 35
info@vadem.mk | www.vadem.mk

Целта на изработка на урбанистичкиот проект е да се формира една градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 583/2 , КО Таринци , Општина Карбинци. Проектниот опфат е лоциран Административна Општина Карбинци, Катастарска Општина Таринци, источно од населено место Стар Караорман.

Светска тенденција е да се користат алтернативни извори за производство на електрична енергија. Цел на изработување на Урбанистичкиот проект е да се оформи градежна парцела за изградба на фотоволтаична електрана за производство на електрична енергија што претставува стратешки потег во обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување. Фотоволтаичната централа со својот незагадувачки технолошки процес на производство на електрична енергија и профитабилност позитивно ќе влијае на економскиот развој на општината , а нема да влијае на загадувањето на човековата околина.

Изборот за локација за ваков вид на намена на земјиштето е резултат на анализа дека со планираните градби не би се влијаело на постојното соседно земјоделско земиште и можноста земјиштето во граница на проектен опфат да се врати во првобитната состојба без нарушување на животната средина и непосредната околина.

Произведената електрична енергија ќе биде дистрибуирана во рамките на веќе постоечките системи со планирање на инфраструткура за приклучок која ќе биде планирана со друга планско-проектна документација.

Новопланираните површини за градба (во граници на рамковна површина за градба) се планира минимум 3м од границата на градежната парцела према соседните катастарски парцели. Планирана е една катна височина – П. Височината на градење е до максимално 6 м во зависност на изборот од опремата што ќе биде вградена.

Нумерички показатели

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	92413.27 (100%)
2	Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ	92413.27
3	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	67952.55
4	ГРАДЕЖНА ПОВРШИНА ПО ЕТАЖИ	67952.55
5	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	74%
6	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.74
7	КАТНОСТ	П
8	МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ	6м

ВАДЕМ 1.83 дооел
ул.Февруарски Поход бр.8 локал 5
Општина Аеродром, Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
02 240 20 92 | 070 32 34 35
info@vadem.mk | www.vadem.mk

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ од Документациона основа и Планска документација			
		Документациона основа	**Планска документација**
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	92413.27 (100%)	92413.27 (100%)
2	НЗ-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	92413.27 (100%)	/
3	Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ	/	92413.27 (100%)
4	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	/	67952.55
5	КАТНОСТ	/	П
6	МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ		6М
7	ВКУПНО ПЛАНИРАНА ПОВРШИНА ПО КАТОВИ	/	67952.55
8	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО	0%	74%
9	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО	0.00	0.74

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ГРАНИЦИ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 2		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	92413.27
2	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	67952.55(74%)
3	ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ	6095.28(6%)
4	ЗЕЛЕНИЛО	18365.44(20%)

ВАДЕМ 1.83 дооел
ул.Февруарски Поход бр.8 локал 5
Општина Аеродром, Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
02 240 20 92 | 070 32 34 35
info@vadem.mk | www.vadem.mk

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ						
Број на површини за градење	Намена на градба	Комплементарна намена на градба	**Површина за градење**	**Развиена површина на градење**	**катност**	**мак.виси на до венец**
1.1	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		1311.73	1311.73	П	6м
1.2	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		4232.62	4232.62	П	6м
1.3	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		8193.13	8193.13	П	6м
1.4	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		8414.06	8414.06	П	6м
1.5	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		8412.58	8412.58	П	6м
1.6	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		6912.2	6912.2	П	6м
1.7	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		5572.4	5572.4	П	6м
1.8	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		2985.11	2985.11	П	6м
1.9	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		3787.23	3787.23	П	6м
1.10	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		3576.41	3576.41	П	6м
1.11	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		3223.24	3223.24	П	6м
1.12	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		2716.99	2716.99	П	6м
1.13	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		2373.34	2373.34	П	6м
1.14	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		2203.66	2203.66	П	6м
1.15	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		2081.12	2081.12	П	6м
1.16	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани		1731.73	1731.73	П	6м
1.17	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани	Е18 Трансформаторска станица	45	45	П	6м
1.18	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани	Е18 Трансформаторска станица	45	45	П	6м
1.19	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани	Е18 Трансформаторска станица	45	45	П	6м
1.20	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани	Е18 Трансформаторска станица	45	45	П	6м
1.21	Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани	Е18 Трансформаторска станица	45	45	П	6м
2	Внатрешни сообраќајници		6095.28	6095.28		
3	Зеленило		18365.44	18365.44		
ВКУПНО			**92413.27**	**92413.27**		

Напомена : Во граници на рамковната површина за градба дозволена е промена на површините за градба(1.1-1.21) по број , големина и форма но не е дозволено пречекорување на нумеричката вредност на површината за градба на ниво на градежна парцела 2.

1.3.2 Сообраќајна и комунална инфраструктура

Сообраќајна инфраструктура

Предметниот проектен опфат има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во Република Северна Македонија.

Пристапот до градежните парцели ГП2 е преку постоечки некатегоризиран пристапен земјен пат директно преку КП 559, КО Таринци, запишан во Имотен Лист 20239 со култура (п) Патишта кој се поврзува со асваltирана улица во североисточниот дел на с.Таринци истата минува низ средината на селот и излегува на западниот дел од него каде што се поврзува со локалниот пат бр. 601 и истиот се поврзува со регионалниот пат Р2334 - Штип (врска со Р1204) - Карбинци - Аргулица - Теранци - Зрновци – Виница (врска со Р1304) – Јакимово - Калиманци – врска со Р2345. Региионалниот пат П 1204 се поврзува со А3 (М-5) - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меѓитлија).

Паркирањето и гаражирањето во проектниот опфат ќе биде решено во границите на градежната парцела согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 225⁄20,219⁄21, 104⁄22 и 99⁄23). Во граници на градежната парцела се планираат 2 паркинг места за лесни возила. Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот . Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

Партерно решние со хортикулура

Согласно намената на просторот се планира , сервисна улица , паркинг простор и 20 % зелена површина согласно Закон за урбано зеленило (11⁄2018 ;42⁄2020)

Водовод и инсталации на инфраструктурите

Хидротехничка инфраструктура
Во границите на проектниот опфат непостои и не се планира хидротехничка инфраструктура

Водоводна мрежа
За технолошки процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од водоснабдување.
Ќе се користи флаширана вода за пиење на вработените.

Фекална канализација
За технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од водоснабдување со што нема ни отпадни води кој треба да се дистрибуираат.

Атмосферска канализација
Атмосферската вода се одведува во зелените површини во граница на градежната парцела.

Електро - енергетика и ПТТ инсталации

Основна намена на градежна парцела 1 е производство на електрична енергија.

Предвидената моќност на фотоволтаичната електрана е до 10 MW . Во граници на ново планираната градежна парцела се планира поставување на фотонапонски панели , инвертори , како и пет трафостаници во функција на електраната.

Во граници на проектниот опфат се планираат подземни кабли за потребите на фотоволтаичната централа. Подземните кабли може да се водат и надвор од површината за градење.

Условите и начинот на приклучок ги дефинира и одобрува ЕВН Македонија сектор за мрежен инженеринг – Скопје.

Телекомуникациска инфраструктура

Согласно добиените информации од телекомуникациските правни лица, на посочената предметна локација, нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи.
Поврзувањето на телефонски потрошувачи, доколку има потреба ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

Гасоводна инфраструктура

Согласно со намената на просторот не се предвидува гасоводна инфраструктур

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20 , 219/21, 104/22 и 99/23).
Деталните услови за проектирање и градење важат за целата површина на градежната парцела ГП2 (дел од КП 583/2 , КО Таринци).

Граница на проектен опфат на урбанистички проект - полигон на урбанистички проект што комплетно припаѓа во границата на плански опфат на урбанистички план или сама за себе претствува полигон вон опфат на урбанистички план.

Границата на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега

просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење, и претставува најмала и неделива просторна единица на градежното земјиште.
Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела.
Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Градежна парцела – нумерација - бројка - нумерација на градежна парцела.

Рамковна површина за градба е површина во која се планираат површините за градење и на која се утврдуваат услови за градење на градбите.

Површина за градење претставува дел од градежна парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење на градба.

Нумерација на површина за градење: секоја површина за градење е нумерирана од 1.1 до 1.21.

Градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволеното градење односно ја дефинира просторната диспозиција на идната градба и просторна граница до која градбата може да се гради.

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички проект се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбата се одредува:
- како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри и

Намена на земјиштето подразбира начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот науредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.

Комплементарна намена е дозволена согласно член 80,81,82 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 225/20; 219/21; 104/2022; 99/2023), во овој случај се определува комплементарна намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: меѓународни високонапонски надземни електрични водови, меѓуградски високо и

среднонапонски надземни и подземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивните мрежи со пратечките далноводски пилони столбови, трансформаторски станици, и помошни инсталации како и други објекти со комплементарна намена во функција на основната класа на намена.

Комплементарна намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија, спаѓа во групата на класа на намени Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури во која спаѓа и намената Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, и се компатибилни според својот карактер.

Комплементарна класа на намена служи исклучиво за функционирање на основната класа на намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, според член 81 од Правилникот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 225/20; 219/21; 104/2022; 99/2023).

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.
Зеленило – Во граници на градежната парцела се планира зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и сл.весник на РСМ 42/20), мин 20% од површината на градежната парцела.

Оградување на градежна парцела може да биде со транспарентна ограда со вкупна висина до 2,50 м со можност за изведба на sидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м. Напомена 1: Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Напомена 2: Приклучокот од ТС до приклучок на мрежа ќе се испланира со друг вид на Урбанистичко проектна/планска документација.

Градежна парцела 2
(дел од КП 583/2 , КО Таринци, Општина Карбинци)
Намена на земјиштето :
Основна класа на намена

- **Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани**

Комплементарна класа на намена

- **Е1.8- Инфраструктура за пренос на електрична енергија (трансформаторска станица)**

Во граници на површината за градба ќе се испланира површинска соларна и фотоволтаична електрана до 10 MW со сите пропратни објекти за нејзино функционирање.

Урбани параметри на ниво на градежна парцела 1

• Површина на градежна парцела	94213.27 m2
• Површина за градба	67952.55 m2
• Вкупна планирана површина по катови	67952.55 m2
• Процент на изграденост	74%
• Коефициент на искористеност	к=0,74
• Катност	П
• Кота на градба	6m

Површини за градење:
Со намена Е1.13 (површински соларни и фотоволтаични електрани) 1.1-1.16:

Со намена Е1.8 (трансформаторска станица) 1.17-1.21 .

Дозволена висина на градење: Н= 6,00 м

Максимален број на спратови: П

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: максимум 1.2м од кота на терен.

Сообраќај: Пристапот до градежните парцели ГП2 е преку постоечки некатегоризиран пристапен земјен пат директно преку КП 559, КО Таринци,

Паркирање: е во градежна парцела.Потребниот број паркинг места - 2 за лесни возила

Режим на градење под земја: Дозволено е градење во граница на површина за градење. Надвор од површина за градење се дозволува планирање на подземно водење на инфраструктура во граници на градежна парцела.

Водови и објекти на инфраструктура: приклучок на фотоволтаичната електрана на инфраструктура ќе се испланира со друг вид на урбанистичко проектна/планска документација.

Начинот на обработката на партерот: колско-пешачки пристапи, паркинг простор, зелени површини.

Подигање на урбаната зелена инфраструктура: Во граници на градежната парцела се планира зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и сл.весник на РСМ 42/20), минимум 20% од површината на градежната парцела.

Мерки за заштита: Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната се предвидуваат мерки за заштита на опремата и обезбедување на услови за нејзино непречено функционирање.
Да се огради градежната парцела и да се оневозможи пристап на посетители кој не се вработени во електраната.

Напомена 1: Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените детални услови за проектирање и градење ќе бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на СРМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Напомена 2: Во граници на рамковната површина за градба дозволена е промена на површините за градба (1.1-1.21) по број, големина и форма но не е дозволено пречекорување на нумеричката вредност на површината за градба на ниво на градежна парцела 2.
Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект, потребни се одредени измени на Идеен проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се изработува нов Идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој Урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот проект е следна:

- Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2020);
- Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018; 176/2021; 216/2021; 89/2022; 99/2022; 171/2022;);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011; 59/2012; 13/2013; 163/2013; 27/2014; 41/2014; 146/2015; 39/2016; 63/2016; 113/2018; 151/2021; 99/2022;
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 92/2007; 35/2010; 47/2011; 59/2012; 163/2013; 10/2015; 146/2015; 151/2021;)
- Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 1/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 82/2009; 124/2010; 140/2010; 51/2011; 6/2012; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 27/2014; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; 39/2016; 63/2016; 31/2020;);
- Закон за заштита од бучава на животна средина („Службен весник на Република

Македонија“ број 79/2007, 124/2010; 47/2011; 163/2013; 146/2015; 151/2021;);

- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018; 215/2021;);
- Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19)
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/2008, 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016; 151/2021 и 99/2022);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/2020, 219/2021; 104/2022 и 99/2023);
- Законот за градење(Службен весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13,79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15,129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22)

1.5.1 Мерки за заштита на животната средина

Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005, 81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018; 176/2021; 216/2021; 89/2022; 99/2022; 171/2022;);

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.
Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.
Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

1.5.1.1 Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката. Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред се околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи. За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување.

1.5.1.2 Мерки за заштита на водите

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016; 151/2021; 99/2022;

1.5.1.3 Мерки за заштита на почвата

При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

1.5.1.4 Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата. Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/2010; 47/2011; 163/2013; 146/2015; 151/2021;), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

1.5.1.5 Мерки за управување со отпадот

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

1.5.1.6 Мерки за заштита на биодиверзитетот

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот. При реализација наактивностите на терен да се избегне

прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

1.5.2 Мерки за заштита и спасување

Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018 и 215/2021) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/2004, 81/2007; 55/2013; 158/2014; 193/2015; 39/2016 и 152/2019), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018 и 215/2021) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/2004, 81/2007; 55/2013; 158/2014; 193/2015; 39/2016 и 152/2019), како и Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 100/2010), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 100/2010) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од

природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината. Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата. Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 36/04, 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018; 215/2021), а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините

- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Закон за заштита и Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 36/2004, 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018; 215/2021) се предвидуваат:

1.5.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018; 215/2021), Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/2004, 81/2007; 55/2013; 158/2014; 193/2015; 39/2016; 152/2019) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

1.5.2.2 Заштита и спасување од урнатини

